Драган Секуловски
Билјана Настеска Каланоска

# Заштитата на медиумските работници – на терен и во онлајн сферата во Република Северна Македонија

*Документ за јавни политики*

Здружение на новинарите на Македонија

Friedrich Ebert Stiftung

## Импресум

**Издавач**
Фондација Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје
Бул. 8-ми Септември, 2/2-5, Скопје
Северна Македонија
skopje@fes.de

**Одговорно лице за содржина и редакција**
Драган Секуловски - автор
Билјана Настеска Каланоска - авторка

**Контакт**
Петер Хурелбринк – Директор на ФЕС, Канцеларија Скопје
peter.hurrelbrink@fes.de

Ваљон Садики – Програмски Менаџер
valon.sadiki@fes.de

**Дизајн и подготовка**
КОНТУРА
Ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов” 132
1000 Скопје, Р. Северна Македонија

Ставовите изразени во оваа публикација не се нужно ставови на Фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС). Комерцијалната употреба на материјалите објавени од FES не е дозволена без писмена согласност од ФЕС. Публикациите на ФЕС не смеат да се користат за цели на изборна кампања.

Ноември 2025
© Friedrich-Ebert-Stiftung e.V.

Дополнителни публикации на Фондацијата Фридрих Еберт можете да се најдат тука:
↗ www.fes.de/publikationen

Friedrich Ebert Stiftung

Здружение на новинарите на Македонија

Драган Секуловски
Билјана Настеска Каланоска

# Заштитата на медиумските работници – на терен и во онлајн сферата во Република Северна Македонија

*Документ за јавни политики*

Ноември 2025 година, Скопје

# Содржина

1. Извршно резиме . . . 3

2. Контекст: европски стандарди и национална слика . . . 3

3. Цел и методологија на тркалезната маса . . . 4

4. Краток преглед на излагањата на говорниците . . . 4

5. Клучни наоди и системски празнини . . . 6

5.1. Онлајн закани и дигитално насилство . . . 6

5.2. Безбедност на терен . . . 6

5.3. SLAPP и злоупотреба на правото . . . 6

5.4. Институционален одговор и доверба . . . 6

5.5. Внатрешни политики во медиумите и работни услови . . . 6

6. Препораки . . . 7

6.1. За Владата и Собранието . . . 7

6.2. За Министерството за внатрешни работи (МВР) . . . 7

6.3. За Јавното обвинителство и судовите . . . 7

6.4. За АВМУ и другите регулатори . . . 7

6.5. За медиумите и уредништвата . . . 7

6.6. За новинарските организации . . . 8

6.7. За меѓународните партнери . . . 8

7. Заклучок и следни чекори . . . 8

АНЕКС I – Листа на кратенки и акроними . . . 9

АНЕКС II – Агенда од настанот „Заштитата на медиумските работници – на терен и во онлајн сферата “ . . . 9

# 1. Извршно резиме

Безбедноста на новинарите и медиумските работници е клучен предуслов за слободно и одговорно новинарство и за демократско општество. Без медиумски работници кои можат без страв да известуваат за корупција, злоупотреби на моќ и прашања од јавен интерес, формалните гаранции за слобода на изразување остануваат празна буква на хартија.

Во последните години се забележува извесен напредок: подобрување на законската рамка, видливи напори за специјализирани протоколи во полицијата, посилен ангажман на новинарските организации и одредено намалување на најекстремните форми на физичко насилство. Но, истовремено:

- Онлајн заканите, говорот на омраза и дигиталното вознемирување – особено кон истражувачки новинарки и новинари кои се чести и не се секогаш санкционирани.
- Во контекст на тужбите за клевета и понатаму има примери кога се користат како инструмент на притисок, со пораст на бројот на вакви случаи во последните неколку години.
- Довербата во институциите (МВР, Јавно обвинителство, судови) е ограничена, а дел од новинарите воопшто не пријавуваат закани, очекувајќи дека нема да има реален епилог.

Европската комисија во последните извештаи ја оценува состојбата со слободата на изразување и медиумите како „умерено подготвена“ – со напредок во дел од реформите, но и со преостанати предизвици во поглед на политички притисок, економска зависност на медиумите и безбедност на новинарите.

Репортери без граници нотираат дека општата средина е релативно поволна, но предупредуваат на политичка поларизација, влијание на партиите врз медиумите, нетранспарентно финансирање и растечки напади кон критичко новинарство и онлајн вознемирување.

Овој документ се стреми да ги сумира наодите и препораките од тркалезната маса ***„Заштитата на медиумските работници – на терен и во онлајн сферата“,*** организирана од ЗНМ и ФЕС. Целта е документот да послужи како практична алатка за:

- застапување пред Владата, Собранието, МВР, Јавното обвинителство и судовите;
- насоки за регулаторните тела и саморегулативните медиумски организации;
- интерни политики во медиумските куќи;
- прифаќање конкретни приоритети од страна на меѓународните партнери.

# 2. Контекст: европски стандарди и национална слика

Европските стандарди јасно утврдуваат дека државата има позитивна обврска да ги заштити новинарите од напади, закани и притисоци – како офлајн, така и онлајн. Пресудите на Европскиот суд за човекови права, препораките на Советот на Европа и новите инструменти на Европската Унија (како Европскиот акт за слобода на медиумите и европската иницијатива против SLAPP) бараат:

- ефективна превенција на напади;
- брза и ефикасна истрага;
- санкционирање на сторителите;
- јасни механизми за поддршка на жртвите;
- транспарентно и независно медиумско опкружување.

Во последните години земјата постигнува извесен напредок – што го потврдува и подобрувањето или релативно добрата позиција на индексите за слобода на медиумите – но останува во „мешана“ категорија:

- Во последните извештаи за пристапување, Европската комисија констатира дека постои умерено ниво на подготвеност во областите слобода на изразување и медиуми, со напредок во законодавството и институционалната рамка, но и со трајни проблеми: политичка поларизација, економска ранливост на медиумите, нетранспарентност во финансирањето и ограничен пристап до информации од јавен карактер.
- Индексите на меѓународните организации за слобода на медиумите бележат периоди на подобрување, но и падови, со јасна порака дека насилството и заканите кон новинарите, високата концентрација на SLAPP тужби и

онлајн вознемирување создаваат „ефект на ладење“ и самоцензура.

Податоците од новинарските организации и студиите на граѓанското општество покажуваат:

- бројот на физички напади можеби не расте драматично, но интензитетот и видливоста на онлајн нападите значително се зголемуваат;

- во 2022 година, на пример, бројот на тужби за навреда и клевета против новинари се удвоил во споредба со претходната година, а во 2023–2024 веќе се издвојуваат и случаи идентификувани како SLAPP;

- дел од новинарите не ги пријавуваат ниту најсериозните закани – поради недоверба, замор или страв од дополнителна виктимизација.

Во таков контекст, тркалезната маса организирана од ЗНМ и ФЕС имаше за цел да направи мост меѓу европските стандарди и конкретната практика: што функционира, што не, и што треба да се промени за безбедноста на новинарите да стане реална, а не само формална.

# 3. Цел и методологија на тркалезната маса

Тркалезната маса „Заштитата на медиумските работници – на терен и во онлајн сферата“ беше замислена како работен форум, а не само како протоколарен настан.

**Главни цели:**

- Да ги собере на иста маса претставниците на извршната власт, регулаторот, полицијата, обвинителството, претставници на Здружението на новинарите на Македонија, на медиумите и меѓународните партнери.

- Да се споделат конкретни искуства – случаи, добри практики, пропусти – во заштитата на новинарите на терен и онлајн.

- Да се идентификуваат системски празнини и „тесни грла“ во институционалниот одговор.

- Да се дефинираат насочени, реални препораки кои може да се користат за застапување и развој на политики.

**Методологија:**

- Воведни обраќања од ЗНМ и ФЕС, со поставување на рамката (европски стандарди, национални трендови, улога на новинарските организации).

- Панел дискусија со претставници на: МВР, Јавно обвинителство, АВМУ, новинари и претставници на новинарските тела вклучувајќи го и директорот на Европската федерација на новинари (ЕФН).

- Фокус на два аспекта:
    - o безбедност на терен (протести, избори, кризни ситуации);
    - o безбедност во дигитална сфера (онлајн закани, говор на омраза, координирани кампањи).

- Дискусија со учесниците, насочена кон конкретни препораки.

Овој документ ги синтетизира излагањата на говорниците и дискусијата, во формат погоден за понатамошна институционална комуникација.

# 4. Краток преглед на излагањата на говорниците

## Валон Садики (ФЕС)

Садики ја истакна традиционалната поддршка на ФЕС за демократија, социјална правда и слобода на медиумите во регионот. Тој подвлече дека безбедноста на новинарите не е  маргинален проблем на една професија, туку прашање од поширок општествен интерес – ако новинарите се заплашени, целото општество останува без информации.

## Драган Секуловски (ЗНМ)

Секуловски ја поврза националната ситуација со европските стандарди за безбедност на новинарите, потсетувајќи дека напад или сериозна закана кон новинар е напад и врз правото на јавноста да биде информирана, но и сериозно кривично дело во национален контекст. Тој ги претстави активностите на ЗНМ: правна помош, мониторинг на напади,

работа на протоколи со МВР и обвинителството, ангажман во борбата против SLAPP тужби и регионалната соработка преку SafeJournalists.net.

### Игор Стојанов (модератор, новинар)

Стојанов ја отвори расправата со потсетување на конкретни случаи на напади, притисоци и координирани кампањи против новинари во последните години. Тој истакна дека дел од проблемот е „нормализирањето“ на нападите – кога јавноста се навикнува на закани, говор на омраза и дискредитации, во тој случај се намалува притисокот за санкционирање.

### Мишко Талески (Министерство за дигитална трансформација)

Талески се задржа на дигиталната димензија: алгоритми, платформи, вештачка интелигенција и нивното влијание врз јавниот дискурс. Тој нагласи дека борбата против дезинформации и онлајн злоупотреби мора да се води така што ќе се штити слободата на изразување и новинарите, а не да се отвора простор за цензура. Потребни се транспарентни правила за платформите, дигитална писменост и подобра координација меѓу институциите и медиумите.

### Ивана Стојановска (АВМУ)

Стојановска ја презентираше улогата на АВМУ во мониторингот и санкционирањето на говор на омраза, повик на насилство и други незаконити содржини во аудио и аудиовизуелните медиумски сервиси согласно законските надлежности на регулаторот. Таа подвлече дека регулаторот не може да го замени судството или полицијата, но може да делува превентивно, да воспостави стандарди и да охрабри медиумите да не бидат канал за кампањи против новинари.

### Мухамед Исмаиљи (Министерство за внатрешни работи – МВР)

Исмаили говореше за протоколите во МВР за постапување во случаи на напади врз новинари. Според него, во секој сектор на МВР се работи на кревање на свеста на полициските службеници за оваа специфична проблематика, постојат контакт точки за случаи со новинари и се организираат обуки во соработка со ЗНМ и меѓународните партнери. Во најава е формирање на повеќе секторски комитет за безбедност на новинари како дополнување на веќе постоечките контакт точки во ова министерство како дел од исполнување на препораките од страна на Совет на Европа.

### Дејан Петрески (Основно јавно обвинителство Скопје)

Петрески објасни како обвинителството ги квалификува делата насочени против новинари (загрозување на сигурност, насилство, оштетување на имот, говор на омраза и др.) и кои се механизмите за нивно гонење согласно последните измени на Кривичниот закон во кој новинарите имаат статус на службени лица. Тој нагласи дека за успешен кривичен прогон се потребни квалитетни докази и навремено пријавување и дека дел од предизвиците се поврзани со оптовареноста и потребата од специјализација.

### Огнен Чанчаревиќ (новинар)

Чанчаревиќ ги сподели искуствата од работа на терен како и од медиумската пракса во печатен но и во електронски медиум, нагласувајќи дека високите стандарди и етиката се дел од заштитниот механизам за самите новинари. Кога медиумите се држат до професионалност во изработка на својата содржина, проверка и јасно разграничување факт – коментар, полесно добиваат поддршка и од јавноста и од институциите кога се цел на напади.

### Адриан Керими (уредник)

Керими, во своето излагање нагласи дека безбедноста на новинарите не зависи само од нив самите, туку и од активната поддршка на редакциите. Тој потенцираше дека уредниците имаат обврска да обезбедат јасен план за известување, протоколи за безбедност и логистика за новинарите кои известуваат од терен. Керими истакна дека нападите кон медиумските работници не се исклучиво резултат на непријателски настроена јавност. Според неговото искуство, приближно 50% од ризичните ситуации се поврзани со однесувањето на самите новинари. Тој потенцираше дека мора да се преземат активности во изолирани случаи каде се појавуваат злоупотреби на новинарските легитимации од страна на самите новинари. Одговорноста е на сите страни.

# 5. Клучни наоди и системски празнини

## 5.1. Онлајн закани и дигитално насилство

Во дигиталната сфера, новинарите – а особено новинарките – се соочуваат со чести закани и напади кои вклучуваат говор на омраза, сексистички навреди и координирани кампањи на дискредитација. Она што го прави онлајн просторот посебно опасен е тоа што дел од заканите имаат реалистичен карактер: директни повици на насилство, спомнување на членови од семејството или објавување лични податоци. И покрај сериозноста на содржината, институциите често ги третираат овие ситуации како помалку опасни во споредба со физичките закани во офлајн средина. Недостига унифициран пристап во проценката на ризикот – нема јасно дефинирани параметри за тоа кога онлајн заканата треба веднаш да активира заштитни мерки, ниту стандарден протокол кој ги обединува МВР, јавните обвинителства и платформите на кои заканата е објавена. Ова создава празнина која ја намалува довербата на новинарите во институционалниот одговор.

## 5.2. Безбедност на терен

Во физичкиот јавен простор, особено при протести, изборни собири, спортски натпревари или кризни ситуации, новинарите честопати се третираат како дел од толпата наместо како професионалци кои ја вршат својата работа. Иако постојат позитивни примери на навремено полициско обезбедување и коректно постапување, исто така се забележуваат ситуации кога полицијата реагира доцна или недоволно, оставајќи ги новинарите изложени на ризик. Ова е дополнително влошено од отсуството на стандарди на национално ниво: нема јасно дефинирани зони за новинарите, обележја кои секогаш се препознаваат, ниту протокол за брза комуникација со одговорните службеници на лице место. Недостигот од овие елементи доведува до непредвидливост и ја зголемува ранливоста на медиумските работници.

## 5.3. SLAPP и злоупотреба на правото

Правниот систем неретко се користи како средство за притисок врз медиумите, преку тужби за навреда и клевета, но и преку други граѓански, управни или дури кривични постапки. Иако не секоја од овие постапки е формално SLAPP, ефектот врз новинарот е еднаков: финансиски притисок, загрозување на работната стабилност, долгогодишни судски процеси и силен ефект на самоцензура. Системот нема механизам кој овозможува брзо отфрлање на очигледно неосновани тужби, што дополнително го продлабочува проблемот. Во услови кога тужбата може да трае со години, дури и ако исходот е поволен за новинарот, самиот процес делува како санкција и средство за замолчување.

## 5.4. Институционален одговор и доверба

Иако се постигнати значајни чекори – како формализирање на протоколите на МВР и подобрување на комуникацијата со ЗНМ – практиката покажува дека институционалниот одговор и понатаму е нерамномерен. Постапувањето варира од случај до случај и од регион до регион. Новинарите често укажуваат дека не добиваат навремени информации за тоа до каде е постапката, дали е идентификуван сторителот и какви мерки се преземаат посебно ако станува за онлајн прекршување на нивните права. Ова ја намалува довербата не само во јавните обвинителства и судовите, туку и во институциите воопшто. Дополнително, нема централизирана и редовно ажурирана јавна база на податоци со регистар на напади, истраги, обвиненија и пресуди. Отсуството на транспарентност остава впечаток дека дел од нападите остануваат без епилог, дури и кога постојат елементи за кривичен прогон.

## 5.5. Внатрешни политики во медиумите и работни услови

Самиот медиумски сектор се соочува со структурни слабости кои ја зголемуваат ранливоста на новинарите. Голем број редакции немаат воспоставено интерни протоколи за реагирање во случаи на закана или напад, ниту утврдени процедури за правна или психолошка поддршка. Во многу ситуации, новинарите се принудени сами да бараат помош надвор од редакцијата, најчесто преку ЗНМ или партнерските организации. Понатаму, несигурните работни услови – привремени договори, ниски примања, нередовни хонорари – ја намалуваат подготвеноста на новинарите да пријавуваат инциденти, бидејќи се плашат од последици во својата редакција или од губење работа. Недостатокот на институционална поддршка во рамките на медиумските куќи ја влошува севкупната безбедност на професијата.

# 6. Препораки

Препораките се групирани по клучни чинители, со цел да бидат директно употребливи во дијалог и застапување.

## 6.1. За Владата и Собранието

1. Да се формира национален комитет за безбедност на новинарите, со јасно утврдени цели, индикатори и механизми за следење на работата.
2. Да се обезбеди конзистентно усогласување на националното законодавство со европските стандарди за слобода на медиумите и заштита од SLAPP, вклучително и воведување на посебни процесни гаранции против злоупотреба на тужби.
3. Да се обезбедат доволни ресурси (човечки и финансиски) за полицијата, обвинителството и регулаторите, специфично наменети за случаи со новинари.
4. Да се развие механизам за редовен дијалог со новинарските организации (ЗНМ, синдикат, саморегулаторни тела) за имплементација на препораките од ЕУ извештаите и меѓународните индекси.

## 6.2. За Министерството за внатрешни работи (МВР)

1. Да продолжи и да се продлабочи специјализираното обучување на полициските службеници за постапување со новинари на терен и при онлајн закани.
2. Да се ажурира и јавно да се промовира протоколот за постапување во случаи на напади врз новинари, со јасни рокови и чекори, видлив и за самите новинари.
3. Да се именуваат и јавно да се објават контакт точки во секој регион/сектор на МВР за случаи поврзани со новинари.
4. Да се воспостави редовно годишно известување за бројот на пријави, истраги и исходи во случаи со новинари, во соработка со ЗНМ.

## 6.3. За Јавното обвинителство и судовите

1. Да се идентификуваат и специјализираат обвинители и судии за случаи поврзани со напади, закани и SLAPP тужби против новинари.
2. Да се развијат интерни упатства за брза проценка на закани (особено онлајн) и за предлагање заштитни мерки кога е потребно.
3. Да се разгледа можноста за воведување процесни правила за побрзо отфрлање на очигледно неосновани тужби кои имаат карактер на SLAPP.
4. Да се подготвуваат и јавно објавуваат анонимизирани примери на добри пракси (case law) – со цел да се зголеми предвидливоста и довербата.

## 6.4. За АВМУ и другите регулатори

1. АВМУ да продолжи со мониторинг и санкционирање и / или јавни осуди на содржини кои претставуваат говор на омраза, поттикнување насилство или координирани кампањи против новинари и други поединци.
2. Да се зајакнат активностите за медиумска писменост, со посебен фокус на препознавање и осуда на напади врз новинари.
3. Да се иницира редовен формат на дијалог „регулатор – медиуми – граѓанско општество“ за прашања поврзани со дигиталната безбедност и одговорноста во онлајн просторот.
4. При секоја поголема кампања против новинари, АВМУ да излезе со јасни јавни позиции и да потсетува на правата на медиумските работници и важноста од нивна заштита.

## 6.5. За медиумите и уредништвата

1. Да се усвојат и имплементираат интерни протоколи за заштита на новинарите (пријава на закани, постапување на редакцијата, поддршка и комуникација со институциите).
2. Да се обезбеди правна поддршка за новинарите кои се соочуваат со тужби и закани, по можност во соработка со ЗНМ и партнерските организации.
3. Да се развијат политики за психолошка поддршка – пристап до советување, peer-support, особено по сериозни инциденти.
4. Да се инвестира во обуки за безбедно известување (на терен и онлајн), дигитална безбедност и препознавање на ризици.

### 6.6. За новинарските организации

1. Да продолжат да водат структуриран мониторинг на напади и закани и редовно да ги информираат институциите и меѓународните партнери.

2. Да обезбедат правна помош, советување и поддршка на членството, со посебен фокус на ранливи групи (локални новинари, фриленсери, новинарки).

3. Да иницираат регионални и европски партнерства за размена на добри практики во заштитата на новинарите.

4. Да учествуваат во креирање и следење на националната стратегија за безбедност на новинарите.

### 6.7. За меѓународните партнери

1. Да продолжат да ја следат состојбата со безбедноста на новинарите и да ги користат наодите од индекси и извештаи како основ за дијалог со националните власти.

2. Да поддржуваат проекти насочени кон обуки, институционални протоколи, мониторинг и правна поддршка за новинарите.

3. Да обезбедат техничка помош за усогласување на националните политики со европските стандарди

4. Да го условуваат дел од финансиската поддршка со конкретни чекори за подобрување на безбедноста на новинарите и слободата на медиумите.

## 7. Заклучок и следни чекори

Безбедноста на новинарите не може да се реши со еден закон, еден протокол или една кампања. Потребен е долгорочен, координиран пристап, во кој:

- институциите покажуваат политичка волја и практични резултати;
- медиумите ги преземаат своите обврски за професионализам и грижа за сопствените вработени;
- новинарските организации продолжуваат да бидат критичен, но и конструктивен партнер;
- меѓународните партнери остануваат доследни во поддршката и притисокот за реформи.

Овој документ може да се користи:

- како изворен материјал во комуникација со МВР, Јавното обвинителство, судовите, АВМУ и Владата;
- како основа за работни групи и комитети за безбедност на новинарите;
- како референтен документ при подготовка на национална стратегија или акциски план;
- како алатка за информирање на новинарите, медиумските куќи и јавноста.

Следниот логичен чекор е заклучоците од тркалезната маса и препораките од овој policy brief да се преточат во конкретна мапа на патот – со јасни носители, рокови и индикатори – која ЗНМ, заедно со партнерите, ќе ја следи и редовно ќе ја ревидира.

ЗНМ и партнерските организации ќе продолжат да ја следат имплементацијата на овие препораки, да ги систематизираат случаите на напади и притисоци и редовно да ја информираат јавноста за забележаниот напредок и предизвиците во институционалните реакции. Преку комбинирање на мониторинг, правна помош и дијалог со институциите, овој процес има за цел да придонесе кон постепено унапредување на практиките и посилна заштита на новинарите. Во тој контекст, овој документ за јавни политики не е финален документ, туку жива алатка која може да се надградува со нови податоци, примери и анализи.

Доколку мапата на патот што ќе произлезе од овие препораки биде сериозно сфатена – и од институциите и од медиумската заедница – Северна Македонија во наредните години може да напредува кон побезбедна и послободна средина за работа на новинарите. Намерата на овој документ е да поттикне конструктивен дијалог и заедничко делување, така што безбедноста на новинарите постепено да се претвора во видлив приоритет – препознатлив преку политики, буџети и конкретни резултати, а не само преку декларативна поддршка.

# АНЕКС I – Листа на кратенки и акроними

**АВМУ –** Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**ЕК –** Европска комисија

**ЕФН –** Европска федерација на новинари

**ЕСЧП –** Европски суд за човекови права

**ЕУ –** Европска унија

**ЗНМ –** Здружение на новинари на Македонија

**МВР –** Министерство за внатрешни работи

**НВО –** невладина организација

**ОЈО –** Основно јавно обвинителство

**ФЕС –** Фондација „Фридрих Еберт“ – Скопје

**RSF –** Reporters Without Borders („Репортери без граници“)

**SafeJournalists.net –** Регионална мрежа за безбедност на новинарите на Западен Балкан

**SLAPP –** Стратешки тужби против учеството на јавноста (Strategic Lawsuits Against Public Participation

# АНЕКС II – Агенда од настанот „Заштитата на медиумските работници – на терен и во онлајн сферата “

## Прв дел - Воведени обраќања

| | |
|---|---|
| **12: 45 – 13:15** | Кафе за добредојде + регистрација |
| **13:15 – 13:20** | Драган Секуловски – Извршен директор на ЗНМ |
| **13:20 – 13:25** | Валон Садики - Менаџер на програми во фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС) |

## Работен дел

| | |
|---|---|
| **13:25 – 13:35** | Најава и воведни зборови<br>Модератор: Игор Стојанов, новинар-уредник на goce.mk |
| **13:35 – 13:40** | **Дигитална трансформација и медиумска безбедност: алатки и механизми**<br>Мишко Талески – Раководител на одделение за аудио-визуелни политики во министерство за дигитална транформација на РСМ |
| **13:40– 13:50** | **Борба против неказнивост: европски стандарди и практики**<br>Рикардо Гутиерез - генерален секретар на Европската Федерација на новинари (ЕФН) |
| **13:50 – 14:00** | **Улогата на регулаторот во заштита на новинарите и медиумските работници**<br>Ивана Стојановска - раководител на Одделение за поддршка на работата на Директорот и односи со јавност во АВМУ |
| **14:00 – 14:10** | **Протоколи и процедури на МВР за постапување при напади врз медиумските работници**<br>Мухамед Исмаиљи, помошник на министерот на Оддел за односи со јавност и стратешки прашања при МВР |
| **14:10 – 14:20** | **"Спречување и санкционирање на напади врз новинари: искуства и предизвици на Јавното обвинителство"**<br>Дејан Петревски – Јавен обвинител - ОЈО Скопје |
| **14:20 – 14:30** | **Фокус на искуствата од работа на терен и практични мерки за заштита и препознавање на ризици**.<br>Огнен Чанчаревиќ - новинар во ТВ Телма |
| **14:30 – 14:40** | **Улогата на уредникот во заштита на репортерите: подготовки и мерки за безбедност на терен-досегашни искуства**<br>Адриан Керими - уредник во ТВ Алсат |
| **14:40 – 15:00** | Дискусија, завршни забелешки и заклучоци |
| **15:00 – 15:30** | Пригоден коктел |

**Настанот ќе има медиумска покриеност*
**Работен јазик ќе биде македонски, со консекутивен превод на англиски јазик*

Friedrich
Ebert
Stiftung